Бр./Nr 12-1631/4
04-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 41-та седница одржана на 30.10.2026 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот со бр. 12-1631/1 од 01.04.2026 година, оформен по доставена пријава против лицата ---- и ----, вработени во Државниот инспекторат за ---- (понатаму: Инспекторат), СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-1631/1 од 01.04.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 01.04.2026 година, поднесена е пријава против лицата ---- и ----, вработени во Инспекторатот и оформен е предмет со бр. 12-1631/1 од 01.04.2026 година.

Според наводите во пријавата, споменатите лица присуствувале на увиди на лице место во својство на вешти лица од областа на земјоделството заедно со судии, во текот на работното време, и ја злоупотребувале службената положба пресметувајќи енормно високи износи на штета. Како што е наведено, истите биле ангажирани во стотици постапки за надомест на штета од мечки и диви свињи во Охридскиот, Преспанскиот и Битолскиот регион.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање на информации до Инспекторатот.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Во својот одговор, Инспекторатот известува дека неговите вработени кои поседувале лиценца за вештак од областа на земјоделството присуствувале на увиди на лице место, на судења во повеќе судови, во текот на работното време. Со цел надминување на можниот судир на интереси во овој случај, Инспекторатот се обратил и добил Мислење со бр. ---- од 16.07.2025 година од ДКСК, каде стои дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема забрана вработените лица во Инспекторатот да се стекнат со лиценца за вештаци. Истовремено ДКСК укажува и дека инспекторите – вешти лица можат да се најдат во состојба на судир на интереси доколку вршат инспекциски надзор врз субјекти кадешто претходно биле ангажирани како вештаци и потребно било да се има во предвид член 4 – Начело на интегритет од ЗСКСИ.
Инспекторатот дополнил и дека ги регулирал отсуствата на вработените со Листа за евиденција на работно време и Излезница за службен/приватен излез согласно издадената Наредба за начинот за евиденција и почитување на работното време.

Според член 41 став 1, точки 1 до 4 од Законот за вештачење („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/2023), за сторена дисциплинска повреда, на вештак може да му се изречат следниве дисциплински мерки: јавна опомена; парична казна; привремено одземање лиценца за вештачење и; трајно одземање на лиценцата за вештачење.
Според став 2 од истиот член, дисциплинските мерки од ставот (1) точки 1), 2) и 3) на овој член ги изрекува Дисциплинската комисија при Комора на вештаци на Република Северна Македонија, а при изрекување на дисциплинската мерка од ставот (1) точка 4) на овој член, комисијата поднесува предлог за трајно одземање на лиценцата за вештачење до министерот за правда.

Имајќи го сето горенаведено, ДКСК утврди дека во пријавениот случај нема елементи за надлежно постапување, од причина што Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за вештачење не содржат

ограничувања во форма на забрана, вработено лице во орган на државната управа да биде вештак, се додека го почитува начелото на интегритет.
Исто така, видно од дописот на Инспекторатот доставен до ДКСК, отсуствата на инспекторите – вешти лица заради вршење на увид на лице место, присуство на судски рочишта во тек на работното време итн., биле уредно евидентирани согласно интерните прописи на Инспекторат.
Дополнително, видно од пропишаното во Законот за вештачење, Дисциплинската комисија при Комората на вештаци е органот кој врши контрола над законитото работење на вештаците.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р В.З. Советник
Контролирал: м-р Ј.Ц. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата